**MK DASA / ДАСА СИРУП ОД ТЕГАВЕЦ**

**Додаток во исхрана**

| **Активна компонента:** | **100 g производ содржи:** | **15 ml (20 g) производ содржи:** |
|---|---|---|
| **Течен екстракт од лист на тегавец** (Extractum Plantaginis folii fluidum 1:2, средство за екстракција етанол 65% V/V) | 10.0 g | 2.0 g |

**Останати состојки:** сахароза, прочистена вода, засладувач: Е 420, мед, регулатор на киселост: Е 331, емулгатор: Е 432, киселина: Е 330, боја: Е 150а, конзерванс: Е 211, арома од анис.

| **Нутритивни информации:** | **100 g производ содржи:** | **15 ml (20 g) производ содржи:** |
|---|---|---|
| **Енергетска вредност (kJ/kcal)** | 1030.19 (246.46) | 206.04 (49.29) |
| **Протеини(g)** | 3.12 | 0.62 |
| **Масти (g)** | 0.02 | 0.004 |
| **Јаглени хидрати (g)** | 56.73 | 11.35 |

**Дејство:**

Даса сирупот содржи екстракт од лист од тегавец, кој помага во разредувањето, излачувањето на бронхијалниот секрет и заштита на слузницата на горните дишни патишта.Тегавецот благопријатно делува на устата, грлото и гласните жици.

**Дозирање и начин на примена:**

**Возрасни и деца постари од 10 години:** 3 пати на ден по 10 ml сируп (2 кафени лажички);
**Деца од 4 до 10 години:** 3 пати на ден по 5ml сируп (1кафена лажичка);
**Деца до 4 години**: да се консултира педијатар.
Пред употреба сирупот да се промати.
Dasa сирупот да се користи 5-7дена. Во колку за тоа време не дојде до подобрување на состојбата, побарајте совет од лекар.

**Предупредување:**

Производот не се користи по истекот на рокот на траење. По секоја употреба шишето да се затвори.При препорачаниот начин на употреба не се забележани несакани ефекти.

Лица чувствителни и алергични на некоја од состојките не би требало да го користат препаратот.Не се препорачува употреба на деца до 4 години, трудници и доилки.Производот содржи етанол.Не се препорачува истовремена примена со антитусици. Прекумерна употреба може да предизвика лаксативен ефект.

**Напомена:**

Додатоците во исхраната не смеат да се користат како замена за нормална разноврсна исхрана.Препорачаната дневна  доза не смее да се пречекори.

**Чување:**  На температура до 25 °C. Да се чува на темно и суво место вон дофат на деца!

**Рок на употреба:** 3 години

**Пакување:** Шише со 150 g сируп.

**Произведува:** ЕСЕНСА д.о.о., Вилине воде бб, Слободна зона Белград, Р. Србија

**Увозник и застапник**: СЕПТИМА д.о.о.е.л , Христо Татарчев 13, бр 9, 1000 Скопје, тел. 02 30 60 175 , Р. Македонија